Gmail

Emilija Ilievska <emilija.ilievska.ob@gmail.com>

# Fwd: Барање за информации според Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

1 message

**Тони Коњановски** <gradonacalnik@bitola.gov.mk> Mon, Nov 10, 2025 at 8:49 AM
To: Emilija Ilievska <emilija.ilievska.ob@gmail.com>

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: 03.11.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Ор. Един: | Број: | Прилог: | Вредност |
| 11 | 170 | | |

-------- Forwarded Message --------
**Subject:** Барање за информации според Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер
**Date:** Mon, 3 Nov 2025 11:30:38 +0100
**From** [redacted]
**To:** jppjlp.bt@gmail.com, gradonacalnik@bitola.gov.mk, sovet@bitola.gov.mk, bitola@t-home.mk

Почитувани,

Ве замолувам, согласно со **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**, да ми овозможите пристап до податоци поврзани со **хуманитарната опција за паркирање** која е воведена во Општина Битола во изминатите две години.

Конкретно, Ве молам да ми доставите:

1. Информации за тоа **на кои организации или поединци** се донирани средствата собрани преку хуманитарното паркирање;
2. **Износи и датум на секоја поединечна донација**;
3. **Докази за извршените трансакции** (на пример: потврди, изводи, или други релевантни документи) со кои ќе се потврди дека средствата навистина биле донирани во хуманитарни цели.

Барам овие информации да ми бидат доставени електронски, на оваа мејл адреса, во рокот предвиден со законот.

Ви благодарам однапред за соработката.

Со почит,

[redacted]

03.11.2025

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Сектор за финасиски прашања

Бр.11-170/2
11.11.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-170/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Примил:

11.11.2025г.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено 18.11.2025
| Орг.Един: | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 11 | 170/3 | | |

**Сектор за финансиски прашања**
Одделение за планирање и извршување на буџет

До
Лице за посредување при остварување на слободен пристап
до информации од јавен карактер

Предмет: Барање на пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Врз основа Барањето за пристап до информации од јавен карактер со бр. 11-170/2 од 11.11.2025, Ве информираме за следното:

- Согласно Одлуката на Совет на Општина Битола средствата наплатени од хуманитарните паркинзи, коишто ЈППЈЛП Битола ги има префрлено на сметка на Буџетот на Општина Битола се префрлени на лица коишто имаат доставено соодветна потребна документација, како и барање за социјална помош.
- Во однос на останатиот дел од прашањето на кои лица истите се префрлени, Ве информираме дека согласно Законот за заштита на личните податоци ***Член 5 кој гласи:***
***„Личните податоци се:***
***- обработуваат правично и во согласност со закон;***
***- собираат за конкретни, јасни и со закон утврдени цели и се обработуваат на начин што е во согласност со тие цели. Натамошната обработка на податоците за цели на историски, научни или статистички истражувања нема да се смета дека не е во согласност со првичните цели за собирање на податоците доколку се преземени соодветни заштитни мерки во согласност со закон;***
***- соодветни, релевантни и не преобемни во однос на целите заради кои се собираат и обработуваат;***
***- точни, целосни и каде што е потребно ажурирани, при што ќе се преземат сите соодветни мерки за бришење или коригирање на податоците што се неточни или нецелосни, имајќи ги предвид целите заради кои биле собрани или обработени и***
***- чувани во форма што овозможува идентификација на субјектот на лични податоци, не подолго од што е потребно да се исполнат целите поради кои податоците се собрани за натамошна обработка. По истекот на рокот за чување, личните податоци може да се обработуваат само за историски, научни или статистички цели. Кога личните податоци се употребуваат за целите од ставот 2 на овој член, мора да се почитува правото на заштита на приватноста,***

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за финансиски прашања**
Одделение за планирање и извршување на буџет

***личниот и семејниот живот на субјектот на лични податоци од нивна неовластена употреба и во најкраток можен рок податоците да се направат анонимни. За квалитетот на личните податоци согласно со ставот 1 на овој член е одговорен контролорот ‘’***

и ***Член 6 кој гласи:***

***Обработката на личните податоци може да се врши:***

- ***по претходно добиена согласност на субјектот на лични податоци;***
- ***за извршување на договор во кој субјектот на лични податоци е договорна страна или на барање на субјектот на лични податоци, пред негово пристапување кон договорот;***
- ***за исполнување на законска обврска на контролорот;***
- ***за заштита на животот или суштинските интереси на субјектот на лични податоци;***
- ***за извршување на работи од јавен интерес или на службено овластување на контролорот или на трето лице на кое му се откриени податоците или***
- ***за исполнување на легитимните интереси на контролорот, трето лице или лице на кое податоците му се откриени, освен ако слободите и правата на субјектот на лични податоци не преовладуваат над таквите интереси. Контролорот го докажува постоењето на согласност на субјект***

Битола,
18.11.2025г.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Битола

Тони Коњановски

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 327 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи

Одделение за административни и општи работи

Бр.11-170/4

19.11.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на **03.11.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted], по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-170/2025** од **03.11.2025 година**, во врска со информации кои се однесуваат на хуманитарно паркирање.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-170/2025 на ден 03.11.2025 година. Во барањето наведе дека бара информации кои се однесуваат на хуманитарно паркирање.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-170/1 од 03.11.2025.
2. Допис до Сектор за финансиски прашања бр.170/2 од 11.11.2025.
3. Одговор од Сектор за финансиски прашања бр.170/3 од 18.11.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 19.11.2025 година, под бр. 11-170/4.

**Службено лице за посредув ање при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Емилија Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА